**БАРАЊЕ 23-6986**

**1. ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

1.1 Дали е формиран младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот?Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.
1.2 Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.
1.3 Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младински организирање доаѓаат членовите на советот?(младински организации, организации за млади, студенски организации, политички подмладок итн.)

**2. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ**

2.1 Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади?
2.2 Дали е усвоена стратегија за млади?Доколку да, споделете ја стратегијата во прилог.
2.3 Дали се направени акциски планови за неа?Доколку да, споделете го акцискиот план.
2.4 Доколку не е усвоена, дали и кога се планира да започне процесот?

**3. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ**

3.1 Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на општината?Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог.

**4. МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР**

4.1 Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за негово формирање во прилог.
4.2 Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младински центар.
4.3 Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација?Доколку да, наведете ја организацијата?

**5. СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ**

5.1 Дали е назначен службеник за млади во општината?Доколку да, споделете ја одлуката за негово именување.
5.2 Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

**ОДГОВОР 23-6986**

1. ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

1.1 Да, формиран е Локален младински совет во општината. Советот брои 5 (пет) членови. Одлуката за верификација на мандати на членови на Локален младински совет е објавена на веб страната на општината на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/lokalen-mladinski-sovet

1.2 Да, објавен е Јавен повик бр.09-2166/3 од 04.08.2023 година и истиот можете да го најдете на веб страната на општината на следниот линк https://arhiva.kavadarci.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80-%d0%bd%d0%b0-%d1%87%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0/#more-19017

1.3 Листа на членови на Локален младински совет е објавена на веб страната на општината во делот Локален младински совет, на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/lokalen-mladinski-sovet , а членовите на младинскиот совет се млади лица кои ги исполнуваат условите во јавниот повик. Кандидатите од Локален младински совет ги предлагаат Здруженија на млади и Здруженија кои се занимаваат со млади, ученички совети, студенски совети и други регистрирани области на организирање на младите, односно избраните членови доаѓаат од различни организации.

2. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

2.1 Да, се спроведуваат консултации за Локална стратегија од страна на службеникот за млади при Општина Кавадарци.
2.2 Сеуште нема усвоено стратегија за млади, во процес на подготовка е.
2.3 Сеуште нема направено акциски планови.
2.4 Локалната стратегија за млади е во процес на подготовка и се планира да се усвои во текот на наредната 2025 година.

3. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

3.1 Општина Кавадарци има формирано Канцеларија за млади, а истата се наоѓа во административните простории на општината, соба 14 кат 2. Во прилог Ви праќам решение за нејзино формирање.

4. МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

4.1 Формирањето на Младински Центар е врз основа на Меморандумот за соработка, склучен помеѓу Агенцијата за млади и спорт и Општина Кавадарци со арх.бр.09-7081/1 од 19.12.2019 година.
Младинскиот центар работи од 2021 година, со кој раководи младинската организација “Здружение на млади КРЕАКТИВ” Скопје, а во прилог Ви го испраќам Договор бр.14-3243/7 од 06.07.2021 год,. Овој договор е склучен во времетраење од 3 години и истекува заклучно со декември 2024 година, при што ќе се објави нов Јавен повик за пријавување на младинска организација која ќе раководи со Младински Центар Кавадарци.
4.2 Да , Младински Центар Кавадарци секоја година креира програма за наредната година. Програма за 2025 година е во подготовка, но во прилог Ви ја праќам програмата за 2024 година.
4.3 Младинската организација “Здружение на млади КРЕАКТИВ” Скопје управува и раководи со младински центар Кавадарци.

5. СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

5.1 Да, назначен е службеник за млади, во прилог Ви го праќам решението за негово именување.
5.2 Контакт информациите за службеното лице за млади се наведени во решението за негово овластување, кое Ви го праќам во прилог.

Прилози:

Договор бр.14-3243/7 од 06.07.2021 година,
Програма на Младински Центар Кавадарци за 2024 година,
Решение за овластување за службеник за млади,
Решение за формирање Канцеларија за млади